Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11[1], член 31 став 3, во врска со член 30 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 7, член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 6 став 2 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19), во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-2732/8 од 19.07.2022 година се изготви Пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање.

Пречистениот текст на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање, ги опфаќа: Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање арх.бр.01-5733/1 од 19.11.2014 година и Правилникот арх.бр.01-2881/1 од 20.07.2022 година, за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање.

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање
## (Пречистен текст)

### *I. Општа одредба*

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација која Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата), му ја издава на овластеното лице за вршење на стручен надзор, како и начинот на нејзино издавање и одземање.

### *II. Образец на службена легитимација*

**Член 2**

Службената легитимација за вршење на стручен надзор е во правоаголна форма со димензии 7см.х10,5см. и таа се печати на пластика во бела боја.

**Член 3**

Предната страна на службената легитимација за вршење на стручен надзор е со следната содржина: “РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА„; отпечатен грб на Република Северна Македонија и лого на Агенцијата; “АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ„; место за фотографија; “СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР„; име и презиме на овластеното лице за вршење на стручен надзор, “ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР„; регистарски број на службената легитимација за вршење на стручен надзор (во долниот лев агол); потпис на Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во долниот десен агол) и место за печат – МП (на средина во долниот дел од службената легитимација).

**Член 4**

Задната страна на службената легитимација за вршење на стручен надзор е со следната содржина:

“Овластеното лице го врши стручниот надзор согласно овластувањата пропишани во членовите 30, 31, 32 и 33 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Радиодифузерот е должен на овластеното лице при вршење на стручен надзор да му овозможи непречено вршење на стручниот надзор.

Радиодифузерот е должен на овластеното лице заради вршење на стручен надзор да му овозможи во определениот рок влегување во просторија каде што се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на медиумски услуги и да му ги стави на увид и на барање на овластеното лице да му даде информации, податоци и документација или кои било други средства потребни за вршење на стручниот надзор.„

**Член 5**

„Образецот на службената легитимација за вршење на стручен надзор е составен дел на овој Правилник и тоа: Образец – Прилог бр.1 отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и Образец – Прилог бр.2 отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо."

***III. Издавање, одземање и замена на службена легитимација***

**Член 6**

Службената легитимација за вршење на стручен надзор ја издава Претседателот/Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Службената легитимација му се издава на вработен во стручната служба на Агенцијата, кој од страна на Претседателот/Советот на Агенцијата во согласност со условите пропишани во член 31 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е назначен за овластено лице за вршење на стручен надзор на радиодифузери, кој се врши само заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емитување.

Архивскиот број на овластувањето со кое вработениот од став 2 на овој член се назначува за овластено лице за вршење стручен надзор, се внесува како регистарски број на службената легитимација за вршење на стручен надзор.

Службената легитимација за вршење на стручен надзор која му се издава на овластеното лице од став 2 на овој член, му служи за докажување на неговото службено својство и тој е должен да ја покаже при вршењето на стручниот надзор.

**Член 7**

Службената легитимација за вршење на стручен надзор се одзема во следните случаи:

- кога на назначеното овластено лице за вршење на стручен надзор ќе му престане овластувањето со кое е назначено за овластено лице за вршење на стручен надзор,
- кога на овластеното лице за вршење на стручен надзор ќе му престане работниот однос во Агенцијата и
- кога овластеното лице за вршење на стручен надзор ќе биде распределено на работно место во рамките на кое не е предвидено вршење стручен надзор, односно издавање на службена легитимација.

**Член 8**

Овластеното лице за вршење на стручен надзор кој ќе ја загуби службената легитимација за вршење на стручен надзор или на друг начин ќе остане без неа, најдоцна во рок од 24 часа за тоа го известува Претседателот/Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и доставува изјава - заверена на нотар на сопствен трошок, за времето, местото и околностите под кои службената легитимација за вршење на стручен надзор е изгубена или исчезната на друг начин.

На овластеното лице за вршење на стручен надзор, во случајот од ставот 1 на овој член, му се издава нова службена легитимација за вршење на стручен надзор, а претходно издадената службена легитимација за вршење на стручен надзор се огласува за неважечка.

Во случаите од став 1 на овој член, овластеното лице за вршење на стручен надзор должно е да го надомести износот потребен за изработка на нова службена легитимација за вршење на стручен надзор.

**Член 9**

Службената легитимација за вршење на стручен надзор за заменува со нова во случај кога:

- службената легитимација поради нејзина дотраеност или оштетување стане неупотрблива и
- има промена на личните податоци на имателот на службената легитимација.

**Член 10**

Службената легитимација за вршење на стручен надзор која се одзема и заменува, се поништува.

Поништувањето на службената легитимација за вршење стручен надзор го врши трichlena комисија, определена од Претседателот/Советот на Агенцијата, од редот на вработените во стручата служба на Агенцијата.

### *IV. Евиденција за службена легитимација*

**Член 11**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги води евиденција за секоја издадена, заменета или одземена службена легитимација, како и за задолжувањето односно раздолжувањето на овластените лица со службена легитимација за вршење на стручен надзор.

Евиденцијата од став 1 од овој член ја води организационата единица на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги која ги врши работите со човечки ресурси.

### *V. Завршни одредби*

**Член 12**

(член 12 од Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање, арх.бр.01-5733/1 од 19.11.2014 година)

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 13**

(член 5 од Правилникот арх.бр.01-2881/1 од 20.07.2022 година за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање арх.бр.01-5733/1 од 19.11.2014 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.01-3112/1
10-08.2022 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилог бр.1**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА
ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР

Место за
фотографија

**Име и Презиме**

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН
НАДЗОР

Рег, Број ______ Скопје м.п. потпис
Дата

( предна страна )

Овластеното лице го врши стручниот надзор согласно овластувањата од членовите 30, 31, 32 и 33 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот е должен на овластеното лице при вршење на стручен надзор да му овозможи непречено вршење на стручниот надзор.

Радиодифузерот е должен на овластеното лице заради вршење на стручен надзор да му овозможи во определениот рок влегување во просторија каде што се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на медиумски услуги и да му ги стави на увид и на барање на овластеното лице да му даде информации, податоци и документација или кои било други средства потребни за вршење на стручниот надзор.

(задна страна)

**Прилог бр.2**
**Shojca nr.2**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE
AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА
СТРУЧЕН НАДЗОР

LEGJITIMACION ZYRTAR
PER MBIKËQYRJE PROFESIONALE

Место за
фотографија
Vendi për fotografinë

**Име и Презиме**
**Emri dhe Mbiemri**

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА
СТРУЧЕН НАДЗОР
PERSON I AUTORIZUAR PËR
MBIKËQYRJE PROFESIONALE

Рег. Број ___________
Numëri i regj ___________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дата | Скопје | м.п. | потпис |
| Data | Shkup | v.v. | nënshkrim |

**(предна страна)**
**(faqja e përparme)**

Овластеното лице го врши стручниот надзор согласно овластувањата од членовите 30, 31, 32 и 33 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Personi i autorizuar kryen mbikëqyrje profesionale në pajtim me autorizimin nga nenet 30, 31, 32 dhe 33 nga Ligji për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele.

Радиодифузерот е должен на овластеното лице при вршење на стручен надзор да му овозможи непречено вршење на стручниот надзор.
Radiodifuzeri detyrohet që personit të autorizuar gjatë kryerjes së mbikëqyrjes profsionale t'i mundësoje kryerjen e punës për mbikëqyrje profesionale pa pengesë.

Радиодифузерот е должен на овластеното лице заради вршење на стручен надзор да му овозможи во определениот рок влегување во просторија каде што се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на медиумски услуги и да му ги стави на увид и на барање на овластеното лице да му даде информации, податоци и документација или кои било други средства потребни за вршење на стручниот надзор.

Radiodifuzeri është i obliguar që personit të autorizuar përshkak të kryerjes së mbikëqyrjes profesionale t'i mundësojë në afatin e caktuar hyrje në hapësirat ku gjënden pajisjet dhe mjetet për sigurimin e shërbimeve mediatike dhe t'ia bëjë të dukshme dhe me kërkesë të personit të autorizuar ti japë informata, të dhëna dhe dokumente ose çfarëdo mjeti të nevojshëm për kryerjen e mbikëqyrjes profesionale.

(задна страна)
(faqja e prapme)